# *СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ШТИП*

| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник<br>на Општина Штип<br>Излегува по потреба | Број 11<br>22 септември 2009 година<br>Ш т и п | ГОДИНА XLVI |


309.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА
ДАВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НЕДВИЖНА СТВАР
СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Одлуката за давање на користење недвижна ствар сопственост на Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-3077/2 — Општина Штип
22 септември 2009 година — Градоначалник
Ш т и п — д-р Зоран Алексов, с. р.

310.

Врз основа на член 67 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 21 точка 25, а во врска со член 80 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број

01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 18 септември 2009 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДАВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НЕДВИЖНА СТВАР СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА ШТИП

Член 1

На Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип му се дава на користење преостанатиот дел од објектот на СОУ „Димитар Мирасчиев“ на ул. „Вита Поп Јорданова“ број 2, КП број 7162 евидентиран во Имотен лист 22242 сопственост на Општина Штип.

Делот на објектот кој се дава на користење е во вкупна површина од 8.123,18м$^2$.

Член 2

До обезбедување на друг соодветен простор Универзитетот „Гоце Делчев“-Штип е должен да му овозможи на СОУ „Димитар Мирасчиев“ - Штип непречено одвивање на образовниот процес (редовен и практичен), во просторот кој што го користи.

Член 3

Сите права и обврски помеѓу договорните страни ќе се уредат со посебен договор.

Универзитетот „Гоце Делчев“-Штип ќе се стекне со правото на користење на објектот опишан во член 1 на оваа одлука од денот на потпишувањето на договорот за давање на користење на објектот.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-3077/1
18 септември 2009 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска, с. р.

311.

КОМИСИЈА ЗА СТАТУТ И ПРОПИСИ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ШТИП

Врз основа на член 3 од Предлог-Одлуката за дополнување на Правилникот за критериумите и постапката за реализација на трансфери до здруженија на граѓани, поединци, фондации, наменски дотации и еднократна парична помош на физички лица („Службен гласник на Општина Штип" број 10/09) Комисијата за статут и прописи на седницата одржана на 16 септември 2009 година го утврди пречистениот текст на Правилникот за критериумите и постапка за реализација на трансфери до здруженија на граѓани, поединци, фондации, наменски дотации и еднократна парична помош на физички лица.

Пречистениот текст на Правилникот ги опфаќа Правилник за критериумите и постапка за реализација на трансфери до здруженија на граѓани, поединци, фондации, наменски дотации и еднократна парична помош на физички лица („Службен гласник на Општина Штип" број 02/06), Одлуката за изменување на Правилникот за критериумите и постапка за реализација на трансфери до здруженија на граѓани, поединци, фондации, наменски дотации и еднократна парична помош на физички лица („Службен гласник на Општина Штип" број 06/06), Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за критериумите и постапка за реализација на трансфери до здруженија на граѓани, поединци, фондации, наменски дотации и еднократна парична помош на физички лица („Службен гласник на Општина Штип" број 04/07), Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за критериумите и постапка за реализација на трансфери до здруженија на граѓани, поединци, фондации, наменски дотации и еднократна парична помош на физички лица („Службен гласник на Општина Штип" број 04/08) и Одлука за дополнување на Правилникот за критериумите и постапката за реализација на трансфери до здруженија на граѓани, поединци, фондации, наменски дотации и еднократна парична помош на физички лица („Службен гласник на Општина Штип" број 10/09).

Број 0712-2973/6
16 септември 2009 година

Ш т и п

Комисија за статут и прописи
Претседател

Сузана Николовска, с. р.

## ПРЕДЛОГ-ПРАВИЛНИК
## ЗА КРИТЕРИУМИТЕ И ПОСТАПКА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ТРАНСФЕРИ ДО ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ, ПОЕДИНЦИ, ФОНДАЦИИ, НАМЕНСКИ ДОТАЦИИ И ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ НА ФИЗИЧКИ ЛИЦА
(пречистен текст)

Член 1

Со овој Предлог-Правилник се утврдуваат условите под кои може да се поднесе барање и критериумите и постапката за реализација на трансфери до здруженија на граѓани, поединци, фондации, наменски дотации и еднократна парична помош на физички лица.

Член 2

Средствата предвидени во буџетот на годишно ниво за трансфери до здруженија на граѓани, фондации и наменски дотации ќе се распределуваат за:

- Поддршка на спортските клубови и поединци од областа на спортот;
- Поддршка на здруженија и поединци од областа на техниката;
- Поддршка на здруженија и поединци од областа на културата, уметноста и образованието;
- Поддршка на физички лица.

Финансиска поддршка на клубовите и здруженијата од алинеја 1, 2 и 3 од овој член е можна доколку истите се регистрирани во надлежен суд на подрачјето на Општина Штип.

Финансиската поддршка се доделува врз основа на барање од барателот поднесено до Советот.

Член 3

Финансиска поддршка на спортските клубови и поединци од областа на спортот се доделува, и тоа:

- за учество на меѓународен натпревар на клубот во организација на балканска, европска или светска федерација во износ од 10.000,00 до 30.000,00 денари.
- за учество на меѓународен натпревар на поединци од клубовите како репрезентативци на РМ во организација на балканска, европска или светска федерација до 10.000,00 денари по учесник.

Спортски клуб или спортист-поединец за учество на меѓународни натпревари средствата во износ од став 1 на овој член може да ги користи само еднаш во текот на една календарска година.

Член 4

Финансиска поддршка на здруженија и поединци од областа на техниката ќе се доделува за учество на натпревари од областа на техниката, и тоа:

- меѓународни - до 20.000,00 денари

Средствата од став 1 на овој член може да се користат за организирање на изложби од областа на техниката од републичко или меѓународно ниво. На организаторот за оваа намена може да се додели финансиска помош во износ до 10.000,00 денари.

Средствата од став 1 и 2 на овој член може да се користат само еднаш во текот на една календарска година.

Член 5

Финансиска поддршка на здруженија, поединци, манифестации од областа на културата, уметноста и образованието ќе се доделува доколку истите со своите активности придонесуваат за афирмација на културата, уметноста и образованието како во рамките на општина така и надвор од неа.

За организирање културно-уметнички и образовни манифестации на локално ниво под покровителството на локалната самоуправа на организаторите од став 1 на овој член се доделуваат средства во износ до 10.000 денари.

За организирање културно-уметнички и образовни манифестации на државно ниво под покровителство на локалната самоуправа на организаторите од став 1 на овој член се доделуваат средства во износ до 20.000,00 денари.

За организирање и учество на културно-уметнички и образовни манифестации на меѓународно ниво на организаторот се доделуваат средства во износ до 30.000,00 денари.

За поддршка на печатење книга се доделуваат средства во износ од 5.000,00 денари.

Средствата од став 5 на овој член се доделуваат врз основа на барање со рецензија на книги во текот на годината. Средствата од став 5 на овој член се доделуваат само за една книга.

Финансиска поддршка од член 5 може да се додели само еднаш во текот на една календарска година.

Член 6

Средствата предвидени во буџетот на годишно ниво за еднократна парична помош на физички лица (поединци) ќе се распределуваат како еднократна парична помош според следните критериуми:

1. Лекување со оперативен зафат надвор од државата до 8.000,00 денари
2. Лекување надвор од државата до 6.000,00 денари
3. Лекување со оперативен зафат во државата до 4.000,00 денари

4. Лекување со соодветни испитувања до 3.000,00 денари.

Составен дел на барањето е медицинска документација со која подносителот на барањето располага.

Правилникот важи за исклучително тешки болести кои го загрозуваат животот.

Средствата од став 1 на овој член може да се користат само еднаш во текот на една календарска година.

Член 7

Еднократна парична помош ќе се доделува на семејства настрадани од елементарни непогоди (пожари, поплави).

Помошта во зависност од причината штета е од две категории:

- Прва категорија - 20.000,00 денари
- Втора категорија - 10.000,00 денри

Составен дел на барањето е записникот од извршениот увид и проценетата штета од СВР-Штип.

Член 8

Предност за користење на средствата согласно член 6 и 7 ќе имаат:

- жители на Општина Штип
- непотполни семејства
- самохрани родители
- семејства во кои живеат хендикепирани лица
- семејства во кои не работи ниту еден член
- семејства во кои работи само еден член од семејството.

Барателите се должни да достават решение или потврда за социјалната положба од надлежна институција.

Член 9

За манифестации кои бараат повеќе средства од средствата утврдени со овој Правилник Советот донесува посебна одлука.

Член 10

Средствата предвидени во буџетот, по утврдените критериуми со овој Правилник ги доделува градоначалникот за исклучителни итни и неодложни случаи и Советот на Општина Штип по предлог на Комисијата за

општествени дејности, Комисијата за буџет и финансии, Комисијата за спорт и Комисијата за полова еднаквост во рамки на своите надлежности.

Член 11

Барањата за доделување средства од член 3, 4 и 5 од Правилникот барателите ќе ги достават до Советот најдоцна 30 дена пред денот на одржување на манифестацијата, односно натпреварот за кој се однесуваат.

Барањата доставени после овој рок нема да се разгледуваат.

Член 12

Предлог-Правилникот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

312.

Врз основа на член 93-в од Законот за средно образование („Службен весник на РМ“ број 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/2005, 113/05, 35/06, 30/07 и 49/07) и член 51 став 3 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), градоначалникот на Општина Штип на **3 септември 2009 година**, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА
ДИРЕКТОР НА СОУ „ЈАНЕ САНДАНСКИ“-ШТИП

1. Од вршител на должноста директор на СОУ „Јане Сандански“-Штип **се разрешува** Илинка Стефанова.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-2825/1
3 септември 2009 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

313.

Врз основа на член 93-в од Законот за средно образование („Службен весник на РМ“ број 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07 и 49/07) и член 51 став 3 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), градоначалникот на Општина Штип на **4 септември 2009 година**, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА
ДИРЕКТОР НА СОУ „ЈАНЕ САНДАНСКИ“-ШТИП

1. За вршител на должноста директор на СОУ „Јане Сандански “-Штип **се именува Драги Илиев**.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-2844/1
4 септември 2009 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

# С О Д Р Ж И Н А


| Р.бр. | | страна/број |
|---|---|---|
| 309. | Решение за објавување на Одлука за давање на користење недвижна ствар сопственост на Општина Штип | 582/11 |
| 310. | Одлука за давање на користење недвижна ствар сопственост на Општина Штип | 582/11 |
| 311. | Комисија за статут и прописи на Советот на Општина Штип<br>Правилник за критериумите и постапка за реализација на трансфери до здруженија на граѓани, поединци, фондации, наменски дотации и еднократна парична помош на физички лица (пречистен текст) | 583/11 |
| 312. | Решение за разрешување вршител на должноста директор на СОУ „Јане Сандански“-Штип | 588/11 |
| 313. | Решение за именување вршител на должноста директор на СОУ „Јане Сандански“-Штип | 589/11 |